# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА
# ООУ„ХРИСТИЈАН КАРПОШ“
# КУМАНОВО
# ЗА ПЕРИОД ОД 2021-2025

## Содржина

**Вовед**

1. **Податоци за основното училиште**
   - **1.1. Идентификациони податоци за училиштето**
   - **1.2. Историјат на основното училиште**
   - **1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта**
2. **Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште**
   - **2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка**
   - **2.2. Работен стаж на вработените**
   - **2.3. Простор**
   - **2.4. Опрема и наставни средства**
   - **2.5. Материјално-финансиско работење на училиште**
3. **Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма**
4. **Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години- Самоевалуација на основното училиште (интерна)**
5. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)**
6. **Мисија и визија на основното училиште**
7. **Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период**
8. **Соработка на основното училиште со родителите/старателите**
9. **Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.**
10. **Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште**
11. **Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште**
12. **Заклучок**
13. **Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште**
14. **Користена литература**

**Вовед**

**Во ОУ „Христијан Карпош„ – Куманово на секои 4 години се изработува Развојна програма за работа на училиштето. Таа служи како водич за се она што е потребно да се сработи во наредниот период за подобрување на условите и квалитетот на наставата. Целта на Развојната програма ни е да ги согледаме недостатоците во работењето на училиштето, да ги развиеме и да осмислиме начини како да бидат остварени. Затоа целите кои што ги ставаме во Развојната програма настојуваме да бидат остварливи, реални и со нивна реализација да го подобриме имиџот на училиштето. Развојната програма на училиштето содржи: општи податоци за училиштето, преглед на постоечките ресурси со кои располага, SWOT анализа, мисија и визија на училиштето од кои посебно се потпираме на визијата на училиштето, начините на соработка со надворешни субјекти и разработени стратешки цели и приоритетни подрачја за наредниот период. Воедно Развојното планирање ни служи како водич за изготвување на Годишните програми. За изработка на Развојното планирање особено се водиме од дадените препораки од досегашните Интегрални евалуации.**

**Развојната програма за работата на нашето училиште се заснова на повеќе документи како: Законот за основното образование, Законот за наставници и стручни соработници, Закон за работни односи, Закон за јавни набавки, наставните планови и програми, Самоевалуацијата на училиштето, извештаи од Интегралните увиди во училиштето и Годишните програми и извештаи за работа на училиштето од претходните четири години.**

## 1. Податоци за основното училиште

### 1.1 Идентификациони податоци за основното училиште

Табела за централно училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Христијан Карпош„ - Куманово |
| Адреса | Ул „Радое Димиќ„ – б.б. - Куманово |
| Телефон | 071/260-190 |
| Место, општина | Куманово, Куманово |
| Веб-страница | Hristijankarposh.jimbdo.com |
| Е-маил | hrkarposku@gmail.com |
| Ден на училиштето | 7 Февруари |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | Централно 3662м2 |
| Училиштен двор(m2) | Централно 5376$m^2$ с.Тромеѓа 800$м^2$ |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | Две- едно во нас. Иго Тричковиќ и едно во с. Тромеѓа |
| Број на ученици (моментална состојба) | 986 |
| Број на паралелки | 56 паралелки во централното училиште, |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски наставен јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 2 |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | Во училиштето има вклучени ученици со ПОП според Концепција за инклузивно образование донесена со Решение на министерот за образование и наука бр.18-6577/1 од 06.07.2020<br>Училиштето располага со пристапна рампа и тоалет прилагоден за овие ученици. |

**Табела за подрачно училиште нас. Иго Тричковиќ**

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Христијан Карпош„ - Куманово |
| Адреса | Нас. Иго Тричковиќ |
| Телефон | 071/260-190 |
| Место, општина | Куманово, Куманово |
| Веб-страница | / |
| Е-маил | hrkarposku@gmail.com |
| Ден на училиштето | 7 Февруари |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 640 м$^2$ |
| Училиштен двор(m2) | / |
| Број на ученици (моментална состојба) | 88 |
| Број на паралелки | 6 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | македонски наставен јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 2 |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | Во училиштето има вклучени ученици со ПОП според Концепција за инклузивно образование донесена со Решение на министерот за образование и наука бр.18-6577/1 од 06.07.2020 |

**Табела за подрачно училиште во с.Тромеѓа**

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Христијан Карпош„ - Куманово |
| Адреса | с.Тромеѓа |
| Телефон | 071/260-190 |
| Место, општина | Куманово, Куманово |
| Веб-страница | / |
| Е-маил | hrkarposku@gmail.com |
| Ден на училиштето | 7 Февруари |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 1340м$^2$ |
| Училиштен двор(m2) | 800м$^2$ |
| Број на ученици (моментална состојба) | 49 |
| Број на паралелки | 5 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | македонски наставен јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 1 |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | Во училиштето има вклучени ученици со ПОП според Концепција за инклузивно образование донесена со Решение на министерот за образование и наука бр.18-6577/1 од 06.07.2020 |

## 1.2.Историјат на основното училиште

**Општинско основно училиште „Христијан Карпош“ - Куманово лоцирано е во североисточниот дел на периферијата од градот во населба Перо Чичо која има околу 10.000 жители.**

**Основано е во 1959 година со Одлука на Собранието бр. 8297/1 од 04.05.1959 година и заведено во регистар бр. 10-1097/3 од 1995 година. На ден 20.05.2014 год. училиштето е пререгистрирано од основно училиште „Христијан Карпош“ во општинско основно училиште „Христијан Карпош“.**

**На почетокот училиштето беше лоцирано во централното градско подрачје, сместено во поранешна зграда на детски дом. Во состав на истото беше и подрачното училиште во село Доброшане.**

**Од учебната 1976/77 година училиштето е дислоцирано во приградската населба Перо Чичо, а во негов состав е приклучено и училиштето во село Тромеѓа (кое функционира од 1929 год.) а е одалечено 5 километри од централното училиште. Од учебната 1995/96 во состав на истото приклучено е и новоотвореното училиште во населба Иго Тричковиќ, одалечено 2 километри.**

**Сега централното училиште е основно деветгодишно со две подрачни училишта од прво до петто одделение.**

**Работата во училиштето се одвива во три објекти со вкупна работна површина од 3661 метри квадратни. Во централното 2840, или 2,39 по ученик, во населба Иго Тричковиќ 395 или 2,63 по ученик и во село Тромеѓа 426 или 4,73 метри квадратни по ученик. Училиштето од 10.10.2012 година располага со современа училишна спорска сала, лоцирана во училишниот двор на централното училиште и истата е обезбедена со финансиска поддршка од страна на Општина Куманово.**



## 1.3.Специфичности кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

**Во училиштето има вклучени ученици со ПОП според според Концепција за инклузивно образование донесена со Решение на министерот за образование и наука бр.18-6577/1 од 06.07.2020**
**Училиштето располага со пристапна рампа и тоалет прилагоден за овие ученици.**
**ООУ „Христијан Карпош“ - Куманово е препознатливо во општината и пошироко како училиште со успешно проектно работење и како пилот училиште во кое се реализираат различни иновативни програми.**

**Училиштето зема активно учество во проекти за Мултиетничка соработка-Проектот ,, Инклузија на децата надвор од училиштата во образовниот систем“ФООМ-ДПФ Песталоци во кој учествуваат само две училишта на ниво на целата општина и Еразмус проекти.**

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште
## 2.1.Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| Одделение | Вкупно | Етничка и половаструктура | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Роми | | Срби | | Друго | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 96 | 19 | 68 | | | | 1 | 1 | 6 | | |
| Број на наставен кадар | 77 | 13 | 59 | | | | 1 | / | 4 | | |
| Број на стручни соработници | 4 | / | 2 | | | | / | / | 2 | | |
| Административниработници | 1 | / | 1 | | | | / | / | / | | |
| Техничкаслужба | 12 | 5 | 6 | | | | / | 1 | / | | |
| Директор | 1 | 1 | / | | | | / | / | / | | |
| | | | | | | | | | | | |

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Високо образование | 73 |
| Виша стручна спрема | 10 |
| Средно образование | 8 |
| квалификувани | 4 |

## 2.2. Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службени-ци | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 5 | 10 | 2 | | 6 | |
| Од 10 до 20 години | 14 | 22 | 2 | | 2 | 1 |
| Од 20 до 30 години | 11 | 7 | | | 2 | |
| Повеќе од 30 години | 6 | 2 | | 1 | 2 | |
| Вкупно | 36 | 41 | 4 | 1 | 12 | 1 |

## 2.3.Простор

**- централно училиште -**

| Просторија | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 25 | 42,4-58,5m2 | 3 | Цокла врати<br>Потреба од доградба на 10 училници |
| Кабинети | 4 | 50,5м2 | 3 | Цокла,врати |
| Библиотека | 1 | 14,5м2 | 3 | Уште книги, таблети /лап-топ компјутери |
| Медијатека | / | / | / | / |
| Читална | / | / | / | / |
| Спортска сала | 1 | 640м2 | 4 | Мали поправки на подот |
| Канцеларии | 8 | 85м2 | 4 | Уредување со мебел |
| Училиштен двор | 1 во централно<br>1 во с.Тромеѓа | 5376м2<br>800м2 | | Изградба на отворено спортско игралиште<br>Оградување на училишен двор |
| Заеднички простор за прослави | 1 | 110м2 | 4 | Санација на подот |
| Кујна | / | / | / | / |
| Трпезарија | / | / | / | / |
| Друго | / | / | / | / |

## 2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“

**- централно и подрачно училиште –**

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| Македонски јазик | Лектирни изданија и книги од училишната библиотека мултимедијална опрема (ЛЦД проектор, лаптоп компјутери, принтери), учебници, играчки за учениците од одделенска настава,хамери изработени од ученици и наставници; | Лектирни изданија, стручна литература за наставници, енциклопедии; |
| Математика | мултимедијална опрема( ЛЦД проектор, принтери), учебници, модели од геометриски форми, шестари, агломери, линеари, вертикален бројач, модел на цело-дропки, сет модели на 3Д форми за пресметување4 волумен, хамери изработени од ученици и наставници, коцки, табела 100 и други манипулативни средства, логички плочки, играчки за учениците од одделенска настава; | Шестари, линеари, збирка задачи, мрежи на 3Д форми, дигитална и аналогна вага |
| Француски јазик | Тематски слики по програмата за секое одделение<br>За секој јазик кој се изучува и за секое одделение во кое јазикот се учи по една касета која го следи учебникот<br>- речници еднојазичи и двојазични | Енциклопедии,книги прилагодени за деца од училишна возраст;<br>Дијапозитиви, дијафилмови или филмови во склад со програмските содржини<br>Наставни филмови и видеокасети по тематика предвидена со програмата |

| | | |
|---|---|---|
| | **Граматика**<br>**- стручни списанија**<br>**- стручна методска литература**<br>**Касетофони, учебници, стручна литература,хамери изработени од ученици и наставници;** | **Едукативни совтвери за поддршка на програмските содржини** |
| **Англиски јазик** | **Касетофони,компјутер, проектор,принтер, скенер,фотокопир, учебници, стручна литература,постери со сликовит приказ , хамери изработени од ученици и наставници, играчки за учениците од одделенска настава;** | **2 (два) звучника**<br>**2 (два) ЦД плеери**<br>**,книги прилагодени за деца од училишна возраст;** |
| **Физика** | **учебници, стручна литература, струјно коло, хамери изработени од ученици и наставници, волтметар, динамометар, амперметар; лупа со лед светло, лупа со зголемување, коса рамнина, челична метална лента, вага, сетови со тегови, магнетна игла со постоље, осцилоскоп, модел на Архимедов зак, сет за дем. На спец. Гравитација, галванометар, модел за работен принцип на ѕвоно, модел на единечен и двоен прекинувач, електромагнет У форма, демонстрација на хидростатски притисок, трансформација на енергија, дидактички ласер 3V напојување, лупа со рачка** | |
| **Информатика** | **Мултимедијална опрема( ЛЦД проектор, лаптоп компјутери, принтери), учебници, хамери изработени од ученици и наставници;** | **Windows Vista, тонери, хартија за работа, акаунти за е платформа за е-учење, обнова на компјутерска опрема, за предметите Програмирање нема соодветен софтвер бидејќи** |

| | | |
|---|---|---|
| | | хардверот е застарен, интернет конекција е солидна но често има прекини; роботи за примена на програмирање; |
| Биологија | Мултимедијална опрема ( ЛЦД проектор, лаптоп компјутери, принтери), учебници, стручна литература, модели на органи, модел на скелет на човек со крвни садови, модел на: око, кожа, рас.клетка, дигестивен систем, срце, репродуктивен систем, пресек на бубрег, анатомија на лист, цвет од праска, монокотиледон, дикотиледони,DNA,мозок, уво заб, вилица, череп, хербариуми, скелет, хамери изработени од ученици и наставници, микроскоп; | Препарати од растителни и животински клетки, |
| Географија | Мултимедијална опрема( ЛЦД проектор, лаптоп компјутери, принтери), учебници, географски карти, географски атласи, модели на изработки од учебници; хамери изработени од ученици и наставници, глобус, рељефни карти; | Географски карти; |
| Историја | Мултимедијална опрема( ЛЦД проектор, лаптоп компјутери, принтери), учебници, историски карти, историски атласи, модели на изработки од учебници; хамери изработени од ученици и наставници; | Историскикарти, енциклопедии; |
| Техничко образование | Мултимедијална опрема (ЛЦД проектор, лаптоп компјутери, принтери), учебници, алати за работа, политехна, мегатехна, прибор за цртање, едуробот, карти со сообраќајни | Ножички, скалпери, бакарна тенка жица; |

| | | |
|---|---|---|
| | **елементи за вешто возење, велосипеди;** | |
| **Физичко и здравствено образование** | **Вага за мерење, учебници, топки, рипстол, коњ, јарец, јажиња, карики, душеци, мрежи;** | **Баскет, топки за ракомет и топки за ученици од одделенска настава.** |
| **Ликовно образование** | **Мултимедијална опрема (ЛЦД проектор, лаптоп компјутери, принтери), учебници, прибор за цртање, прибор за изработки од глина, линолеум плочи, штафелаи;** | **Прибор за цртање, прибор за изработка од глина, линолеум плочи – бидејќи се потрошен материјал секоја учебна година** |
| **Музичко образование** | **Мултимедијална опрема( ЛЦД проектор, лаптоп компјутери, принтери), учебници, синтисајзер-клавинова, флејти, хамери изработени од ученици и наставници, касетофон, звучници;** | **Синтисајзер;** |
| **Граѓанско образование** | **Мултимедијална опрема( ЛЦД проектор, лаптоп компјутери, принтери), учебници, книги, хамери изработени од ученици и наставници;** | **Брошури и стручна литература за потребите на одделни наставни единици(права на детето, организациона поставеност на Општините и Државата, Влада, Собрание, предрасуди и стереотипи);** |
| **Етика** | **Мултимедијална опрема( ЛЦД проектор, лаптоп компјутери, принтери), учебници, книги, хамери изработени од ученици и наставници;** | **Брошури и стручна литература за потребите на одделни наставни единици(права на детето, организациона поставеност на Општините и Државата, Влада, Собрание, предрасуди и стереотипи);** |
| **Запознавање со религии** | **Мултимедијална опрема (ЛЦД проектор, лаптоп компјутери, принтери), учебници, книги, хамери изработени од ученици и наставници;** | **Стручна литература за религиите во Светот** |
| **Иновации** | **Мултимедијална опрема (ЛЦД проектор, лаптоп компјутери, принтери), учебници, книги, хамери изработени од ученици и** | **Хамери, ножички, бои, хартија во боја, лепак;** |

| | | |
|---|---|---|
| | **наставници;** | |
| **Природни науки** | **Телескоп, перископ, микроскоп, лабораториски прибор, учебници, хамери изработени од ученици и наставници, мултимедијална опрема( ЛЦД проектор, лаптоп компјутери, принтери),** | **Ножички, боици, хартија во боја;** |
| **Општество** | **Мултимедијална опрема (ЛЦД проектор, лаптоп компјутери, принтери), учебници, книги, хамери изработени од ученици и наставници, енциклопедии;** | **Глобус, карти за потребите на учениците од одделенска настава;** |
| **Работа со компјутер** | **Мултимедијална опрема( ЛЦД проектор, лаптоп компјутери, принтери), учебници, книги, хамери изработени од ученици и наставници;** | **Недостасуваат компјутери за да може секој ученик индивидуално да ја изведува наставата;** |
| **Хемија** | **Лабораториски прибор, микроскоп, мултимедијална опрема( ЛЦД проектор, лаптоп компјутери), учебници, магнетна табла, сет од 5 пипети, држач за епрувети, ph метар, дигитална вага, електрично решо, железни стуготини, мензури, стаклени лабораториски чаши,стаклена када и шишиња, клеми за 2 бирети, метален прстен за филтрирање, пинцета, дрвана штипка за епрувети,туба за дестилирана вода, ракавици, мантил** | **Реагенси** |

### 2.5 Материјално-финансиско работење на училиште

**Училиштето се финансира преку блок дотации доделени од страна на Општина Куманово и преку финансии и образовни и потрошни материјали, летература и дидактичко нагледни средства добиени од тековни проекти финансирани од Општина Куманово, невладини организации од Македонија, ЕУ проекти и други.**

## 3. Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма

**Општинското основно училиште„Христијан Карпош“ се наоѓа во приградската населба Перо Чичо а во негов состав се и две подрачни училишта, едното во с.Тромеѓа а другото во населбата Иго Тричковиќ. Во централното училиште и подрачното училште во населбата Иго Тричковиќ наставата се изведува во две смени а во порачното училиште во с.Тромеѓа наставата се изведува само во една смена. Поради недостиг на просторен капацитет во училиштето не се реализира проширена програма ниту продолжен престој за учениците. Наставата во училиштето се одвива според Наставниот план и програма дадена од МОН и БРО. Училиштето работи според Верификационен бр. 10-1091/3 од 1995 година. Училштето активно организира и реализира вонанаставни активности како: организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.**

## 4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години- Самоевалуација на основното училиште (интерна)

| Подрачје | Резултати |
|---|---|
| **Организација на наставата и учењето** | **Наставните планови и програми пропишани од МОН и БРО во училитето се реализираат целосно. Училиштето им дава поддршка на наставниците во спроведувањето на наставните планови и програми, преку учество на семинари и размена на искуства и идеи меѓу наставниците. Кај наставниците постои потреба од перманентно** |

| | |
|---|---|
| | **усовршување од областа на планирањето во согласност со информатичката технологија.**<br>**Со НПП родителите се запознаваат најчесто на родителски средби, а учениците на првиот час , но потребно е изнаоѓање начин за поголема транспарентност и повеќе модели за споделување на целите на програмите.Тоа воедно ќе им олесни подоцна и на наставниците полесно да направат крелација меѓу предметните содржини.**<br>**Во училиштето не постои дискриминација на учениците по ни една основа, како полова, така и етничка.Сите ученици подеднакво можат да се вклучат во воннаставите активности, а услов за тоа е нивниот интерес.**<br>**Постои детектирање на децата со посебни потреби, но наставниците не се доволно обучени за работа со нив .Не се доволно обучени ни за изработка на индивидуаизирани образовни програми иаку има интерес за работа, но нема доволно искуства на овој план.**<br>**Учениците имаат право да вршат избор од понудените изборни предмети што ќе ги изучуваат во училиштето, но се земаат во предвид и расположливиот наставен кадар во училиштето.**<br>**Во училштето се поттикнуваат и охрабруваат учениците за учество на разни натпревари, конкурси, манифестации каде добиваат дипломи,пофалници и благодарници на општинско, регионално и државно ниво.На тој начин го афирмираат училиштето, а училиштето јавно ги пофалува преку училишниот интернет портал.**<br>**Покрај задолжителната настава, наставниците ја планираат и реализираат и воннаставната активност во училиштето низ која учениците се стекнуваат со: проширени знаења, умеења и навики, грижа за здравјето, запознавање со опасностите во современото живеење каде се изложени на негативни влијанија кои го загрозуваат нивното здравје. Низ активностите во училиштето покрај стекнувањето со продлабочени знаења, учениците градат и други позитивни вредности како што се: другарство, соработка, колективност, комуникативност, хумани односи и сл.**<br>**Постојат добри примери на меѓупредметно интегрирање** |

| | |
|---|---|
| | **на целите на наставата, посебно во одделенска настава.**<br>**Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места при што секој ученик може да го изложи своето дело. Начинот на кој се учи во училиштето е интересен за учениците ,а она што се учи е поврзано со секојдневиeто.**<br>**Учениците преземаат различни одговорности во училиштето (во и вон наставата) ,а нивното мислење се почитува при решавање на определени проблеми во училиштето, особено преку работата на Ученикот правобранител и Ученичката заедница како највисоки училишни тела во ученичкото учество.**<br>**Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува;**<br>**Постои советодавна помош за учениците и родителите за продолжување на образованието на учениците.** |
| **Постигања на учениците** | **Училиштето во континуитет ги следи постигањата на учениците , по сите наставни предмети во текот на целата учебна година. Постигањата на учениците во училиштето се следи преку проверка по пат на усно и писмено проверување. Учениците кои покажуваат послаби резултати во учењето посетуваат дополнителна настава, а учениците кои покажуваат поголем интерес за зголемување на своите знаења посетуваат додатна настава.**<br>**За постигањата на учениците редовно се известуваат родителите преку родителски средби и давање на евидентни листови за успех и поведение , а во поново време родителите имаат можност тоа да го прават и преку електронскиот дневник кој е во склоп на веб-порталот на училиштето . Постигањата се следат и при премин на учениците од одделенска во предметна настава за што педагошко психолошката служба има направено истражување. За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни методи на работа, преку знаења добиени од посета на семинари со што се постигнуваат резултати (активни методи на работа во групи, тимска работа, разговор, презентација, употреба на ИКТ во наставата, користење на интерактивна табла, одржување на отворени часови), а сето тоа придонесува часовите да се поорганизирани.**<br>**Во однос на редовноста на учениците, училиштето континуирано ги следи изостаноците, ги анализира** |

| | |
|---|---|
| | **причините за отсуство од настава и навремено презема конкретни активности за подобрување на редовноста кај учениците. Училиштето соработува со родителите и редовноста на учениците бележи тренд на подобрување. При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот.**<br>**Во училиштето е присутна појавата на масовно фамилијарно заминување на учениците во странство како азиланти и некои од нив го прекинуваат школувањето . За оние ученици кои се враќаат во текот на годината и кои отсуствуваа подолго време за истите од страна на училиштето се организираат одделенски испити во две сесии ( јуни и август).** |
| **Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар** | **Училиштето е обезбедено со потребниот наставен ,административно-технички кадар.Соодветноста на наставниот кадар одговара со нормативите за наставен кадар.При распределбата на кадарот се зема во предвид квалитетот во работата како и искуствата на наставниците. Голем придонес во целокупната работа и развој на училиштето дава ефективната работа на стручната служба, која перманентно соработува со наставниот кадар и дава помош за сите потреби од страна на наставниците како во делот на планирање на наставата така и во нејзиното реализирање. Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за нивниот професионален развој за што беа организирани обуки се со цел тие да се оспособат да ги идентификуваат развојните потреби за нивно стручно усовршување и професионално напредување како и изготвување на личен план за професионален развој. Во училиштето има формирано тим за професионален развој кој има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење преку посетуваните обуки. За своето стручно усовршување и следење на новините во образованието, наставниците користат ИКТ во наставата во согласност со можностите на училиштето. Наставниците во голем број имаат дополнителна потреба од стручно усовршување во работата** |

| | |
|---|---|
| | **со деца со ПОП, инклузија во образованието и употреба на современите ИКТ алатки, техники и методи во наставата..** |
| **Управување и раководење** | **Училиштето практикува прилично ефикасна комуникација помеѓу раководството и наставниот кадар. Се вложуваат напори сите субјекти во училиштето навремено да се информираат за состојбите во него.**<br><br>**Во училиштето раководната структура ја сочинуваат директорот и Училишниот одбор. Надлежностите и административните задачи се јасно дефинирани согласно Законот за основно образование. Динамиката на состаноци на Училишниот одбор се планира согласно со потребите на училиштето, по предлог на претседателот на Училишниот одбор и во координација со директорот.Потребна е поголема координација и поефикасна комуникација на тековни активности помеѓу раководниот орган и Училишниот одбор.**<br><br>**Во училиштето фокус е ставен на подобрување како на постигањата на учениците преку обезбедување на квалитет во наставата, така и на подобрување на севкупното работење на истото. Се внимава на наставниот кадар да им се нудат навремени информации за можности за професионално усовршување организирани од страна на МОН и БРО, како и за можностите кои ги нудат мноштвото Еразмус проекти во кои училиштето е активен чинител.**<br><br>**Целите и креирањето на училишната политика се фокусираат на подобрување на квалитетот на наставата, како и подобрување на постигањата на учениците, со акцент на унапредување на наставните компетенции за ефикасна примена на инклузивна настава, иако на ова поле секогаш има простор за подобрување.** |
| **Комуникација и односи со јавноста** | **Комуникацијата и соработката помеѓу директорот, наставниците и стручната служба во училиштето се базира врз взаемно почитување, меѓусебна доверба и разбирање. Наставниците имаат соработка во рамките на стручните активи, за изработка на тестови, наставни ливчиња и размена на идеи за реализација на одредени наставни содржини. Училиштето соработува и со институции кои се директно или индиректно поврзани со образованието, како што се Медицински центар – Куманово, Центар за социјални работи, СВР-Куманово-оддел за превенција од малолетничка деликвенција, други основни и средни училишта во градот и** |

| | |
|---|---|
| | **други релевантни институции (ДИЦ, МОН, ДПИ и БРО). Исто така и односот на наставниците со учениците е на солидно ниво и заснован на почитување на личноста на ученикот од страна на наставникот, при што наставниците се трудат да ги поттикнуваат учениците на креативна работа и учење. Наставниците ги вклучуваат своите ученици во интернационални проекти, со што се придонесува кон дополнителната афирмација на училиштето, неговите вработени и ученици. Исто така и взаемната комуникација и соработка помеѓу учениците во рамките на училиштето е на солидно ниво, при што учениците со подобар успех ги потпомагаат послабите ученици во совладувањето на одредени тематски единици од нивната наставна програма. Овој став е потврден со добиените резултати од спроведените анкети. Комуникацијата меѓу вработените, учениците и стручната служба е на задоволително ниво. Што се однесува до комуникацијата на ниво на училиште, можеме да кажеме дека сме задоволни, поради навременото информирање на вработените за сите новонастанати состојби или информации, преку различни форми. Комуникацијата помеѓу наставниците и учениците се одвива на различни нивоа. Родителите секогаш се информирани за активностите на нивните деца, како од класните раководители, така и од стручните служби и директорот.** |
| **Училишна клима и култура** | **Училиштето се залага за остварување на поставените визија и мисија. Се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, како и за родовата сензитивност и промовирањето на мултиетничноста, мултикултурализмот и инклузивноста. Се прават напори за зајакнување на учеството на учениците, родителите и заедницата во животот на училиштето. Наставниот кадар е респектиран од страна на родителите. Учениците и наставниците се алката која го креира угледот на училиштето.**<br><br>**Училиштето има кодекс на однесување и востановени правилници за почитување и прекршување на правилата на сите нивоа. Истите се спроведуваат во пракса. Училиштето води политика на рамноправен третман и заемно почитување на сите структури инволвирани во неговото функционирање.** |

| | |
|---|---|
| | **Постои професионална соработка меѓу наставниците, како и желба за постојано усовршување. Има солидна соработка со раководниот кадар на ова поле. Учениците се чувствуваат прифатени од возрасните и од другите ученици.**<br><br>**Поведението и дисциплината се многу добри, а вработените се грижат за здравјето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на ученицните и нивното заминување од училиштето. Вработените внимателно и авторитетно се справуваат со проблемите кои се однесуваат на поведението и редовноста, поради што нема прекини во учењето и наставата. Училиштето правилно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки.**<br><br>**Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.**<br>**Во училиштето е обезбеден еднаков и правичен третман на сите ученици. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во заедницата.**<br>**Хигиената во училиштето е на задоволително ниво но треба значително подобрување.**<br>**Просторот на училиштето повеќе не соодветува на бројот на ученици со што имаме недостаток на училници и кабинети како би можел да се организира продолжен престој за учениците.**<br>**Училишниот двор треба да се огради и да се уреди со што би бил целосно безбеден за учениците.** |
| **Соработка со родителите и локалната средина** | **Училиштето е отворено за соработка со родителите и релевантните институции од градот и државата. Учениците и нивните ментори редовно учествуват на манифестации, конкурси и сл. кои се организирани од заедницата. Ќе се работи на зголемување на соработката со деловната заедница и добивање на издржана финансиска помош од спонзори за организација и реализација на активности во училиштето.** |

## 5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)

| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
|---|---|
| -Целосна реализација на наставните планови и програми одобрени од МОН;<br><br>-Изготвување на квалитетни годишни и дневни планирања со сите застапени пропишани елементи и форми;<br><br>-Следењето и анализирањето на успехот и редовноста на учениците<br><br>-Редовно одржување на дополнителна и додатна настава<br><br>-Учениците родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување -Поттикнува ученици на голем број вонучилишни активности ;<br><br>-Училиштето негува хуманост и толеранција кај најмладите;<br><br>-Отворено е за прифаќање на деца со психички, физички и здравствени проблеми;<br><br>-Училиштето има изградено квалитетна соработка со родителите;<br><br>-Децата и родителите имаат право да искажат мислење на посреден начин;<br><br>-Секоја година учениците се информирани за условите и видот на средните училишта и им се дава помош во правилниот избор на идното училиште и занимање;<br><br>-Во нашето училиште наставниците се трудат секој ученик во училиштето да | -Мал број на учениците со ПОП се застапени во воннаставните активности;<br><br>-Слаба мотивираност на учениците за учество на натпревари;<br><br>-Помош од страна на стручно лице за ученици со ПОП ( талентирани и со потешкотии) и поголема организираност на стручни теми и работилници за конкретни методи и форми за работа во училница со ученици со ПОП;<br><br>-Недоволни знаења и вештини за користење на online платформите за далечинско учење, со цел олеснување на усвојувањето на наставните содржини од страна на учениците за време на вонредни состојби или кога ученикот оправдано отсуствува подолг временски период;<br><br>-Поради недостиг на простории училиштето не организира проширена програма<br><br>-Едукација на учениците за заштита на сопственото здравје;<br><br>-Потреба од доградба на 10 училници ;<br><br>- Неограден училишен двор во ЦУ;<br><br>-Обученоста на наставниот кадар за работа со ученици со посебни потреби и потреба од логопед кој ќе биде вработен секојдневно во нашето |

| | |
|---|---|
| научи најмногу што може;<br><br>-Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат и да заклучуваат, да поставуваат прашања и да го искажуваат своето мислење.<br><br>-Училиштето има демократски избрана училишна заедница, која учествува во донесувањето правила и одлуки што се однесуваат на животот на учениците во училиштето;<br><br>-Сите вработени во училиштето се запознаени со правата на децата и се практикуваат во пракса;<br><br>-Преку наставата и вонаставните активности учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и културата на другите етнички заедници што живеат во РС Македонија;<br><br>- учениците се безбедни, рамноправни и добро прифатени во училиштето;<br><br>- еднаков третман на сите ученици без оглед на пол и националност ;<br><br>- добро организирани СУА;<br><br>- реализација на научно-истражувачки екскурзии;<br><br>-Наставниците редовно посетуваат семинари, обуки, работилници и одржуваат десиминации и внесуваат новини во наставата.<br><br>- солидни постигања на ученици | училиште;<br><br>- наставниците се немотивирани и недоволно обучени за изготвување на ИОП;<br><br>- наставниците не се оспособени за вметнување на психо-социјални вештини во своите планирања;<br><br>- наставниците не се оспособени за конкурирање во проекти со цел обезбедување на финансиска подршка за уредување на инфраструктурата на училиштето;<br><br>-Соработка, контакт со правни субјекти од бизнис секторот за добивање донација за потребите на училиштето |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |

| | |
|---|---|
| -Посветеноста на наставниците;<br><br>-Содветен наставен кадар;<br><br>-Професионален однос кон сите субјекти;<br><br>-Добро финансиско планирање за потребите на училиштето;<br><br>-Располагање со современи нагледни средства;<br><br>-Редовно следење и изготвување на анализи за состојбите во училиштето;<br><br>-Соработка и размена на идеи и мислења меѓу вработените;<br><br>-Контнуирана советодавна работа и консултации меѓу вработените. | -Немање доволно училници за изведување на кабинетска настава;<br><br>-Голем број на ученици во паралелки;<br><br>-Двосменско работење (немање доволен прстор за поусешна реализација на воннаставните активости);<br><br>-Нерешени имотно-правни односи (заградување на училиштето и зачувување на естетскиот изглед на училишниот двор). |

## 6. Мисија и визија на основното училиште

**Мото:**

***К**арпошовски први во сѐ сме ние,*

***А**мбиција и упорност во сите нас се крие.*

***Р**азумно работи-резултат да се роди,*

***П**обеднички дух сложно сите нас нѐ води.*

***О**бразование и воспитание: сплотени кон заеднички сон,*

***Ш**колото наше, здружени да го направиме наш втор дом.*



**Мисија**

***Нашето училиште е безбедна средина во која се реализира квалитетна воспитно – образовна работа за сите ученици без оглед на етничка, полова и верска припадност***

**Визија**

***Училиштето да биде средина во која учениците ќе доаѓаат со задоволство, затоа што наставата во него ќе биде: современа, квалитетна и прилагодена на потребите и интересите на учениците без разлика на нивната етничка, верска и полова припадност***

## 7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период

| Приоритетно подрачје | Унапредување на професионалниот развој на наставниците |
|---|---|

**Стратешка цел 1. Професионален развој/ стручно усовршување на наставниот кадар- Подигање на квалитетот на воспитно - образовната работа преку стручно усовршување на наставниот кадар и стручната служба**

**Развојна цел 1.1** Изготвување Протокол за документирање посети на: интерни и екстерни обуки, учество во училишни комисии, тимови,...

